**Програма**

***1. Edvard GRIEG***

- Суита „Пер Гин“

***2. Antonin DVORAK***

- Словенски танци

* C-Dur

* g-moll

* e-moll

***3.Johaness BRAHMS***

- унгарски танци 1,2,3,4,5

Наташа Трбојевиќ е родена 1965 год. во Штип.Основното и средното образование го завршува во Штип.Заедно со Гимназиското образование завршува и Средно музичко училиште во класата на проф.Санда Бикова,како најдобра од нејзината класа.Има учествувано на сите натпревари организирани во тоа време од Музичките педагози на Македонија при што има освоено една трета награда и 10 втори награди.Своето образование го продолжува на фму во Скопје на пијано-одделот во класата на проф.Лепша Пиперковска.(1983-1988).За време на студирањето има настапувано повеке пати со свои солистички концерти организирани од ,,Музичка младина на Македонија,, (1986-концерт во Штип и Радовиш),Настап на,, Млади музички уметници ,, во Штип-1987 , Рецитал на Штипско културно лето 1988 и повеке настапи во рамките на концерти организирани од факултетот со солистички настапи,како и настап со ,,Клавирско трио ,,во класата на проф.М.Куфојанакис по камерна музика. Има посетувано семинари по пијано(Тимакин,Б.Романов,А.Валдма,Ј.Михајловиќ,Д.Трбојевиќ,Конгрес за пијано во Нови Сад-организиран од ЕПТА1991 ).Дипломира со просек 9,6.Магистрира во класата на проф.Евушка Елезовиќ со просек 10.00.

Од 1988 год. Работи како наставник по пијано во Средното музичко училиште во Штип.А од 1988-1992 работи паралелно и во Музичкото училиште во Врање (Р.Србија).Имајки во предвид дека таа е прва генерација на дипломирани клавиристи во Штип на некој начин е основоположник на клавирската класа во Средното музичко училиште.Нејзините ученици имаат освоено високи 1,2,и 3 награди на Дрзавни и меѓународни натпревари по пијано одржани во Скопје,Белградо,Приштина,Охрид,Битола .Паралелно со педагошката работа настапува на сите државни натпревари,како и концерти,како уметнички соработник (корепетитор) на натпревари воСкопје,Битола,Љубљана,Хецег Нови.

Од 2007 год.работи како уметнички соработник на ФМУ при УГД-Штип.Соработува со класите по кларинет со проф.Б.Павловски,труба на проф.Ј.Самоников.,флејта и соло пеење на проф.Б.Трајанов и Благица Поп-Томова. Има настапувано на сите концерти и дипломски концерти ,Годишни концерти,во рамките на факултетот,настап со класите по труба,кларинет(Велес 2010г.)Солистички концерт во Велес 01. 2011г. Солистички концерт во Велес 10.2012г.,и во Штип 10.2012 год, настап со трио „Академико“ во уметничка галерија Безистен - Штип и црква св.Софија – Охрид.

Илија Настовски е роден во Велес. Уште во основно училиште посетувал часови и семинари по пијано кај светски познатата пијанистка и претседател на ЕПТА, Марчела Крудели од Италија. Средно музичко образование завршил во Штип, во класата на м-р Наташа Трбојевиќ. Во 2001 година за првпат учествувал на државниот натпревар каде што освоил пофалница. Паралелно со солистичката кариера, на концертите и натпреварите учествувал и како корепетитор на класата по труба, на познатиот проф. Симеон Савев. Истата година учествувал на меѓународниот натпревар Интерфест во Битола, каде што освоил пофалница и за првпат остварил контакт со проф. Дајана Андерсен од Белгија, со која се уште одржува стручни контакти. Од 2002 до 2004 година, работел на доусовршување на солистичката кариера, камерното музицирање и корепетиторската дејност. Учесник е на неколку натпревари Државен натпревар по камерно музицирање - 2. Награда , Меѓународен натпревар "Петар Коњевиќ" - Белград, Србија – Пофалница Меѓународен натпревар "Прв меморијал Исидор Бајиќ" - Нови Сад, Србија - 3. Награда  Државен натпревар - соло пијано - Пофалница.Во период од 2001 - 2004 одржал повеќе од десет рецитали низ Р.Македонија.Во Јули 2004 год. има солистички настап во Варшава, Полска, на промоцијата на новиот клавир - копија на Шопеновиот Ерард-ов клавир од фабриката Calisia.	Во 2004 година се запишува на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на м-р Евушка Трпкова Елезовиќ, каде што го доусовршил своето знаење и посетил неколку мастеркласови кај истакнати професори како Јокуд Михајловиќ - Белград; Рита Кинка - Нови Сад ,Белград; Доријан Љељак-Нови Сад. Посетил мастерклас по чембало кај истакнатиот француски професор по чембало на Парискиот конзерваториум, Марио Раскин, при што се стекнал со диплома за чембалист.

Во текот на студиите, повторно соработувал и со проф. Марчела Крудели, со која го доработил и дипломскиот испит. Во текот на студиите работел како демонстратор на декан проф. м-р Елезовиќ и корепетитор на класата по соло пеење на проф. Муратовска. Паралелно со тоа, работел при МОБ како корепетитор, хорски пејач и солист во обновениот хор под диригентската палка на маестро Јануш Пшибилски (Полска), како и асистент и корепетитор на маестро Алгис Заборас (Литванија). Во 2008 година дипломирал прв од класите по пијано на ФМУ во Скопје, во редовниот рок, со висока оцена, магистрира 2011 год. со највисока оцена 10.00 кај м-р Евушка Елезовиќ.

По дипломирањето, Илија Настовски работел како хонорарен професор во ДСМУ "Тодор Скаловски-Тетоец" во Тетово, а денес е  редовен професор по пијано и корепетиција во ООМУ "Стефан Гајдов" во Велес.Во 2011 година заедно со професорката по пијано од средното училиште м-р Наташа Трбојевиќ го формираат пијано дуото Трбојевиќ –Настовски при што се остварени неколку настапи во државава.

Со свои ученици и како корепетитор учествува на сите државни и меѓународни натпревари од кои досега има освоено околу 90 награди.

